**ОПШТИНА СТРУМИЦА** **UNITED NATIONS DEVELOPMENT PROGRAMME**

# МИЛЕНИУМСКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ ВО МАКЕДОНИЈА
# МРЦ

На Милениумскиот самит одржан во септември 2000 година, 189 земји членки на Обединетите нации го потврдија нивното залагање да работат во насока на одржлив развој и искоренување на сиромаштијата во светот.

Милениумската декларација е документ во кој се поставуваат 8 општи развојни цели, 18 посебни цели и 48 индикатори како рамка за мерење на напредокот во развојот.

Република Македонија, со усвојувањето на Милениумската декларација ја истакна својата заложба за:



1. **Мобилизирање на сите расположиви ресурси во насока на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост,**
2. **Обезбедување квалитетно и сеопфатно основно образование,**
3. **Унапредување на половата еднаквост и поддржување на жените,**
4. **Намалување на смртноста кај децата,**
5. **Подобрување на здравјето на родилките,**
6. **Намалување на болните од заразни болести, вклучувајќи ги и ХИВ/СИДА и Туберкулоза,**

7. **Обезбедување одржливост на животната средина,**
8. **Обезбедување партнерство за развој,**

За таа цел **UNDP** ја поддржа агендата на **Милениумските развојни цели (МРЦ)** во Македонија преку проектот **Поддршка на Националниот процес за МРЦ,** односно **,,Градење на капацитетите на локалните власти, граѓанските организации и домашниот деловен сектор за учество во процесите за намалување на сиромаштијата и МРЦ во Македонија.**

Проектот е поддржан од **Владата на Република Македонија** со изработка на рамка за Национален стратешки развој, кој врз база на нејзината посветеност, води кон постигнувањето на Развојните цели до 2015 година, воедно силно заложувајќи се за приклучување кон членството на Европската унија.

Главна цел на проектот е поттикнување на учеството на локалните власти, граѓанското општество и деловниот сектор во подготовката, спроведувањето и набљудувањето на Националната програма за социо економски развој на земјата базирана на Милениумските развојни цели (МРЦ).

Националната програма за социо-економски развој чија подготовка ја координира **Министерството за финансии**, ги опфаќа социо-економските проблеми во земјата, зголемените стапки на сиромаштија и невработеност, како и социјалното исклучување.

Истата ќе биде изработена преку партиципативен пристап, опфаќајки ги националните приоритети, цели и показатели во социо-економскиот развој, кои придонесуваат за постигање на МРЦ.

Локализацијата на МРЦ ќе биде постигната преку фацилитирање на дијалогот помеѓу локалните актери со утврдување и решавање на краткорочни и долгорочни локални приоритети, како и изнаоѓање на механизми за решавање на локалните проблеми, ставајќи посебен акцент на приоритетите и потребите на ранливите групи.

Зајакнувањето на партнерството помеѓу граѓанските организации, деловниот сектор и локалните власти, ќе биде од клучно значење за донесување спроведување и мониторинг на Националната програма за социо-економски развој на Државата.

Во склоп на проектот на МРЦ на **6 октомври 2005 година,** на првиот состанок на Советодавната група, Општина Струмица беше избрана за една од трите пилот општини во кои ќе се спроведуваат проектните активности.

За успешно спроведување на проектните активности во Општина Струмица е формиран:

**Десетчлен Тим на локални тренери-фацилитатори, Координатор на локалните активности, како и Локална лидерска група составена од 24 членови, претставници на граѓанскиот сектор, локалната самоуправа и локалниот бизнис сектор.**

## Локална лидерска група на општина Струмица

### Локална самоуправа:

**1.Кирил Парталов –** Секретар на Општина Струмица;
**2.Ленче Трајкова  -** Советник за  здравствена и социјална заштита;
**3.Соња Чурлинова –** Советник за образование;
**4.Стојчо Балкански-** Советник за култура и спорт;
**5.Елизабета Дончевска Лушин-** Советник во совет на Општина Струмица;

### Подрачни единици на релевантните министерства:

**Центар за социјални работи**
**1.Сократ Манчев-** Дипл.психолог;

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**1.Лоренс Панзов –** Раководител на подрачна единица;

**ЈЗО Општа болница**
**1.Др.Лилјана Манинска-**Специјалист за инфективни болести;

**ЈЗО Здравен дом**
**1.Др.Елица Станишлевиќ –**Специјалист педијатар;

### Деловен сектор:

**АД. Жито Струмица- Струмица**
**1.Снежана Манчева –** Дипл.екон/Раководител на сметководство и финансии;

**АД.Герас Цунев- Струмица**
**1.Атуш Сулејманова-** Дипл. Економист;

**Електростопанство на Македонија- Подружница Струмица**
**1.Благица Димитриева-**Дипл. Екон/Референт за план и анализа;

**Македонски телекомуникации-подружница Струмица**
**1.Горги Токарев –**Дипл.ел.инг/Раководител на служба за обезбедување услуги и одржување;

**ЈПКД Комуналец-Струмица**
**1.Лора Ѓотева-**Дипл.прав/Раководител на правна служба;

**ЈПССДП(стамбено)-Струмица**
**1.Илија Русев** - Дипл.инг.арх/Раководител наОдделение за технички работи;

## Граѓански Сектор:

**1.Весна петкова-** Продолжен живот(семејно насилство);

**2.Митко Николов** – Центар за поддршка на НВО;

**3.Сократ Манчев –** Избор/Здружение за советување на лица зависни од психоактивни супстанци;

**4.Згорка Алаџова –** Здружение на телесно инвалидизирани лица;

**5.Соња Сачевска –** Порака/Деца со посебни потреби;

**6.Миле Трајков** – Планетум/Еколошко здружение;

**7.Ванчо Митев –** Екоградинар/земјоделско здружение;

**8.Јашар Абдиев** – Шукри рамо/Хуманитарно здружение;

**9.Иринка Трајкова** – Организација на жени;

Локалната лидерска група како главно тело ќе учествува во процесот на идентификација на локалните приоритети и нивна интеграција во развојните стратегии на Национално и Локално ниво, се со цел намалување на сиромаштијата.

На 23.12.2005 година, на првата конститутивна средба е конституирана дваесетичетиричлената ЛЛГ и изгласано претседателството на Локалната лидерска група во состав:

- **Кирил Парталов/Претседател –** Секретар на Општина Струмица;
- **Снежана Манчева/Член** –Бизнис сектор / Жито Струмица-Струмица;
- **Лора Ѓотева/Член** –Бизнис сектор / ЈПКД Комуналец-Струмица;
- **Иринка Трајкова/Член** –Граѓански сектор / Организација на жени;
- **Сократ Манчев/Член** – Граѓански сектор / Избор - Здружение за советување на лица зависни од психосоматски супстанци;

Локалната лидерска група како главно тело има за задача:

- **Да ја превземе улогата на локални фацилитатори во процесот на постигнување на МРЦ;**
- **Активно да учествува во обуките, со цел зајакнување на капацитетите за процесот на одредување приоритети на ликално ниво и нивна интеграција во националната стратегија;**
- **Да учествува во идентификација на приоритетите за развој на општинско ниво;**
- **Да врши мониторинг на процесот на вклучување на локалните приоритети во локалните развојни планови и нивно спроведување;**
- **Да го подржи процесот на лобирање за вклучување на локалните приоритети во националната програма за социо-економски развој;**
- **Да учествува на семинари,тркалезни маси,јавни дискусии поврзани со МРЦ и вклучување на ранливите групи во општествените текови;**
- **Да ги вклучи граѓаните во процесите на владеење и одлучување;**
- **Да ги зајакне врските меѓу локалната самоуправа граѓанскиот и деловниот сектор, со цел унапредување на развојот на општината и пошироко на заедницата;**
- **Да ги фацилитира и поддржи институционалните договори на локално ниво, неопходни за ефикасно спроведување на проектот;**
- **Да биде водечка сила за иницијативи коишто го подобруваат квалитетот на живеење на граѓаните на локално и национално ниво;**

Во делот од проектните активности што Локалната лидерска група ги имаше на 23,24 и 25 февруари, беше и обуката на тема **Партиципативно планирање,** испорачана од страна на локалните тренери-фацилитатори.

Обуката отпочна со вовед во партиципативно планирање,односно со историјарт и моменталната состојба во Република Македонија и негова дефиниција. Следеа модели на планирање, како и принципи и елементи на партиципативно планирање.

Беше обработено влијанието на процесот на планирањето врз процесот на постигнување на МРЦ, или поврзаноста на локалната заедница и МРЦ и зависноста на локалната сопственост.

Завршните активности беа во смисла како партиципативното планирање да се имплементира на локално нивокористејќи:

- Различни техники за примена на партиципативното планирање во различни форми.
- Предности и ограничувања во големи и мали групи и заедници
- Партиципативни методи и практики

- Примери на можни техники на партиципативно планирање

Членовите на Локалната лидерска група  низ целата тродневна обука со практични вежби и методи  и со максимална заложба ја завршија првата обука.

Следните четири обуки на ЛЛГ, ќе бидат испорачувани еднаш месечно, од страна на локалните тренери-фацилитатори на теми:

- **Определување на потребите на општините;**
- **Мониторинг и анализа (индикатори);**
- **Алатки за мониторинг и евалуација на национално и локално ниво;**
- **Застапување и кампањи;**




Проектните активности на ЛЛГ продолжуваат со тродневна работилница-обука, испорачувана од страна на локални обучувачи на тема **Одредување на потребите на општините со фокус на ранливите групи,** во деновите 31 март како и 01 и 02 април 2006 година.

Во текот на тродневната обука беа вежбани методите и техниките за определување на потребите на општините со фокус на ранливите групи,односно определување на потребите на локално ниво, како и причините за определувањето на потребите на локално ниво.

Од методите и техниките за одредување на потребите беа користени

Техники кои користат постоечки информации
Истражување
Клучен информатор
Процес на номинална група
Делфи техника
Форум на локална заедница
Интервју со фокус група

Советодавни комитети и работни групи и следствено вршење на **SWOT** анализа и **Benchmarking** алатка за утврдување стандарди на однесување и ефект.

На истата работилница каде се третираат ранливите групи и нивното место во процесот на одредување на потребите на локално ниво,беа дефинирани, ранливите групи и сиромашните како ранлива група.

На работилницата беше обработена поврзаноста на методите и техниките за одредување на потребите во општините со фокус на ранливите групи, преку вежби и примери и како методите и техниките за определување на потребите може да се имплементираат на локално ниво.



Третата обука предвидена како дел од проектните активности во врска Милениумските развојни цели во Македонија , на тема **Мониторинг и анализа (индикатори),** како тродневна работилница се одржа на 05,06 и 07 мај, 2006 година во хотел Сириус во Струмица.

Обуката за ЛЛГ е испорачана од Локалните обучувачи со помош на Косултант од Скопје и логистичка подршка од локалниот координатор на проектните активности.

Првата сесија отпочна со воведно излагање во врска Пртоектот, негово формулирање, планирање и имплементација, вклучувајќи мониторинг и евалуација.

Во сесиите што следуваа беше дефиниран мониторингот и што значи истиот во рамките на проектот, како и појаснување на поимот анализа, односно што таа претставува, со дефиниција за евалуација и што претставуваат индикаторите.

Конкретно, во текот на тродневната работилница се разработија типовите на монитопинг, односно конвенционалниот и мониторингот од страна на учесниците, со акцент на нивните карактеристики и разлики.

Слетствено на овие активности следуваа и средствата за верификација за утврдените индикатори  и што тие претставуваат, како и поврзаноста на индикаторите со МРЦ на глобално ниво





- Важна активност во однос на запознавањето и значењето на Милениумските Развојни Цели  на сите граѓани, посебно на наставниците и учениците беше и еднодневната работилница што UNDP ја организира на 16 мај 2006 година , како дел од проектните активности поврзани со **Проектот :** ,,Пријателски библиотеки за сите граѓани и Поддршка на подготовката на националната стратегија за развој 2005 – 2015 год., базирана на Милениумските Развојни Цели   и   **Проектот:** ,,Градење на капацитетите на Локалните власти, граѓанските организации и домашниот деловен сектор за учество во процесите за намалување на сиромаштијата  и МРЦ во Македонија.

На работилницата Наставниците од основните училишта беа запознаени со Значењето на сите осум развојни цели утврдени во Милениумската декларација, донесена на Милениумскиот самит септември 2005 год., временската дистанца за нивното постигнување и бенефитот за заедницата од нивното остварување, како дел од интеграцијата на Р.Македонија во Европската унија.

Наставниците во текот на работилницата идентификуваа проблеми во заедницата кои понатаму ќе бидат инкорпорирани во Локалната стратегија за социоекономски развој на општината, а која ќе биде база за донесување на Националната стратегија за развој 2005 – 2015 год.

Особено корисен бенефит од работилницата беше поддршката на Наставниците во запознавањето со Милениумските Развојни цели, како и охрабрувањето на сите ученици од основните училишта во  заедницата да се јават на распишаниот конкурс од страна на Матичната библиотека

Благој Јанков Мучето, на тема **,,Ти припаѓаш на таква генерација!",** која и додели награди на најуспешните ликовни и литературни творби.

- Четвртата обука за ЛЛГ на тема **Вовед во техниките, алатките и механизмите за мониторинг и евалуација на националните и локалните програми врз основа на МРЦ** , беше испорачана од 26 и 27 мај 2005 год.

ЛЛГ во текот на обуката се запозна со мониторингот и евалуацијата, утврдувајќи ги разликите и сличностите меѓу двата концепти.Кои се моментите на кои тие се заснивaат, што е резултат од мониторингот и која е целта на евалуацијата.

Во однос на активностите кои следуваа ЛЛГ беше обучена да изработува логичка рамка на веќе постојан проект со SWOT анализа, мета план, CATVOE, моделирање на концепти, матрица на одлуки,тркало на евалуација и повеќе други техники.





- На 16 и 17 јуни 2005 год. Локалните фацилитатори им ја испорачаа петата и последна обука од сетот обуки предвидени за Локалната Лидерска Група.

Во текот на петата обука на тема **застапување и кампањи,** се дефинира застапувањето и кампањите, со јасно разграничување на застапувањето како акт на поддржување на каузата и кампањата како серија поврзани резултати.

Целта на кампањата и различните видови на кампањи, заедно со елементите на застапување , ЛЛГ ги разработи во текот на работилницата развивајќи комуникациски вештини односно стратегии користејќи ги медиумите,како момент за дизајнирање на застапувачки стратегии на локално ниво.





Со испораката на петата обука, како дел од сетот обуки предвидени за обука на ЛЛГ заврши и првиот дел од проектните активности.

Во текот на сите пет обуки ЛЛГ, преку обука и инструктажа се здоби со знаења за самостојна идентификација, односно локализација на приоритетни проблеми во заедницата и начин на нивно решавање, односно е обучена за учество во процесот на креирање, спроведување и набљудување на спроведувањето на локалната стратегија за социоекономски развој.

Понатамошните проектни активности, или процесот на стратешко планирање ќе отпочне кон крајот на септември, по кое следуваат сет од работилници на кои ЛЛГ ќе одреди повеќе приоритети, кои ќе бидат ставени на јавна расправа, преку Центарот за информирање на граѓаните, локалните медиуми, како и јавни дебати и дискусии.

Како краен финален документ насловен како Стратешки план за локален социоекономски развој на општина Струмица за период 2007 – 2011 година, ќе биде ставен на увид и усвојување на седница на Совет на општина Струмица.

Понатамошните проектни активности ќе бидат следени и координирани од Локалниот координатор на проектните активности и редовно ќе се наоѓаат на Вебсајтот на Општина Струмица, **www.strumica.gov.mk**